Лена АЛАБАШОВСКА ДАМОВСКА **УДК: 37.091.4.** ***Freinet Célestin***

# АЛТЕРНАТИВНИ ПРИСТАПИ ВО ПЕДАГОГИЈАТА - СПЕЦИФИЧНОСТИ НА ПЕДАГОШКАТА КОНЦЕПЦИЈАТА НА СЕЛЕСТИН ФРЕНЕ

***Кратка содржина***

*Во првата половина на дваесеттиот век создадена е оригиналната педагошка концепција на францускиот педагог Селестин Френе (Célestin Freinet). Како претставник на реформската педагогија, Френе изнесува сопствени ставови и практични решенија во обидот да се надминат недостатоците на тогашниот одделенско-предметен часовен систем. Развојот на својата педагошка концепција тој го започнува уште при првиот работен ден во неговото училиште. Неговите идеи биле прифатени од поголемиот дел од стручната јавност во времето кога тој живеел, и тие денес се перципираат како отворени и погодни за поддршка на воспитно-образовниот процес од бројни следбеници ширум светот.*

***Клучни зборови:*** *ПЕДАГОГИЈА, АЛТЕРНАТИВНИ ПРИСТАПИ, ФРЕНЕ ПЕДАГОШКА КОНЦЕПЦИЈА.*

## Вовед

Првите училишта како институции во кои се учи и се стекнува знаење се појавиле многу одамна. Училиштето е институција која се менува согласно промените во општеството, односно го следи развојот и потребите на конкретното општество. Ако направиме пресек во развојот на историјата на педагогијата може да констатираме дека од кога постои училиштето тоа е институција која првенствено води сметка за потребите на општеството односно за потребите на одредени општествени групи и слоеви. Сосема друго е прашањето колку училиштето води сметка и ги следи потребите на децата. Кон крајот на 19 и почетокот на 20 век за првпат почнало да се размислува за тоа колку училиштето може истовремено да води сметка за потребите на општеството но и за потребите на децата.

Во овој период се појавило *движењето за новата школа* кое било поддржано од голем број педагози, психолози, теоретичари, идеолози, политичари, хуманитарни и општествени организации. Сите тие се залагале за промена на старата школа и за длабоки реформи во образованието на децата воопшто. Најголемиот број забелешки кои тогаш биле упатени кон старата школа се однесувале на тоа дека таа е крута и ригидна институција, а децата се ставани во пасивна и рецептивна улога. Тие биле присилени механички да ги усвојуваат содржините на наставата и доследно да ги репродуцираат. „Во старата школа не се почитувале потребите и интересите на децата, таа била целосно свртена кон наставникот и наставните содржини. Наставата била вербалистичка. Основен извор на знаење бил наставникот и примената на текстови, наставникот бил тој што давал, а ученикот тој што примал. Наставата се изведувала по строги и крути наставни планови. Сите ученици без разлика на нивните индивидуални особини, работеле по иста програма, пред нив се поставувале исти задачи и од нив се барало да постигнат ист успех. Во таквото училиште постоела недоверба, оддалечување и затегнатост меѓу децата и наставниците и строга авторитарна, надворешно наметната дисциплина.“[1]

Во тој период се појавува книгата на авангардната Елен Кеј *„Векот на детето“* во која авторката смело пишува за убивањето на душата на децата во училиштето. „Желбата за знаење, за самостојноста и моќта за забележување е тоа што децата го носат во себе, меѓутоа по завршување на школувањето, по правило тоа го нема, исчезнува....“[2] Токму затоа претставниците на движењето за новата школа инсистирале на креирање сосема ново училиште, училиште по мерка на децата. Голем број од идеите за реформа на училиштето останале на ниво на замисла. Сепак еден добар дел од идеите за креирање на новото училиште биле операционализирани во педагошките концепции на претставниците на активната школа, работната школа, школата за живот, Далтон планот, Јена планот, Проект-методата, Валдорфската школа, Монтесори педагогијата и уште многу други алтернативни концепции.

Овие концепции не треба да се разгледуваат како посебни *педагошки острови*. Сите заедно тие оставиле длабок печат во развојот на современата дидактика и методика на воспитно образовната работа со децата од предучилишна и училишна возраст. Исто така, тие понудија поголема слобода во учењето и одлучувањето на децата во училиштето,

---

[1] Дамовска, Л. 2001, Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование, Скопје: Круг, стр. 66

[2] Key, E. 2000, Stoljeće djeteta, Zagreb: EDUCA, str. 145

им помогна да научат како поинаку може да го стекнат знаењето и непосредно да учат за животот. Истовремено, овие педагошки концепции укажаа дека не постојат готови рецепти во воспитувањето и образованието на децата.

Најмаркантните теоретичари кои оставиле белег во историјата на педагогија се: Јаснопољанското училиште на Лав Николајевиќ Толстој (Лев Николáевич Толстóй), Самерхил-училиштето на Александар Сатерленд Нил (Aleksandar Saterlend Neill), педагошките концепции на Марија Монтесори (Maria Montessori), Рудолф Штајнер (Rudolf Steiner), Селестин Френе (Célestin Freinet), Петер Петерсон (Peter Petersen) и Хелен Паркхуст (Helen Parkhurst).

Во првата половина на дваесеттиот век создадена е оригиналната педагошка концепција на францускиот педагог Селестин Френе. Како претставник на реформската педагогија Френе изнесува сопствени ставови и практични решенија во обидот да се надминат недостатоците на тогашниот одделенско-предметен часовен систем. Идејата за актуелизирање на алтернативните педагошки концепции од почетокот на минатиот век, произлезе од констатацијата дека елементи од сите гореспоменати концепции и денес слободно можат да се применуваат во воспитно образовната работа со децата. Овие концепции се само потврдени примери од праксата кои повеќе од еден век, успешно функционираат во училиштата ширум светот.

## Специфичности на педагошката концепција на Селестин Френе (животниот пат на Селестин Френе)

Селестин Френе е роден во 1896 година, во малото село Гарс во Франција. Заради слабата финансиска состојба во семејството, Френе немал големи можности за квалитетно образование. Како последица на тоа, многу рано почнува да се занимава со земјоделски работи при што ја воочува позитивната страна на животот во природа. За време на својата работа во природа ги потврдува своите доживувања во училишните денови, дека животот останува надвор од ѕидовите на училницата. Тоа е главниот мотив кој го поттикнал да направи некои промени во организацијата на училишниот живот. На почетокот на Првата светска војна посетувал неколку семинари за учители, но во 1915 год. морал да ги напушти бидејќи на деветнаесет години заминува како војник. За време на војната, сериозно ранет го напуштил фронтот и се вратил дома. Потоа добива работно место како учител во местото Бар-сур-Лоуп. Раната со која се здобил за време на војната, оштетувањето на едното плуќно крило, го следела во понатамошниот живот и особено влијаела врз неговото

педагошко делување. Заради овие здравствени проблеми Френе бил принуден помалку да зборува во училницата и барал нов наставен стил кој повеќе ќе ги ангажира учениците.

Големо влијание на размислувањата и ставовите на Френе извршиле големите педагози како Рабле, Монтењ и Русо, меѓутоа и претставниците на реформската педагогија кои ги запознал за време на бројните симпозиуми низ цела Европа. Френе се обидел да создаде една педагошка концепција со практична применливост во секое одделение, дури и оние поскромните какво што било неговото во Бар-сур-Лоуп.

Своите педагошки интервенции ги започнал со носење на децата во природа и реализирање на што поголем дел од воспитно-образовниот процес во тие услови. Овие посети биле документирани и прикажувани со слики и зборови. Чести активности на учениците биле рачната работа која резултирала со посебна атмосфера и живост во одделението. Но Френе, сè повеќе размислувал за тоа како да ги заинтересира учениците за писмено изразување. За таа цел, се обидел да создаде оригинално средство и оттука произлегла идејата за рачно печатење и училишна печатница, што во основа ја претставува најоригиналната компонента на оваа педагошка концепција. Во 1924 година, за првпат било воведено рачното печатење во училиштето на Френе. Можноста што ја нуди печатењето сè повеќе го охрабрувала Френе во идејата да не ги применува задолжителните учебници. Тој сметал дека тие не се соодветни на детските потреби и интереси и дека децата треба да учат изворно од самиот живот. Оваа идеја ја сретнуваме и кај Рудолф Штајнер кој во своите училишта учебниците ги заменил со бележници за епохите.

Френе, за трудовите што учениците ќе ги напишат со помош своите учители, мислел, дека треба да бидат прочитани од страна на другите ученици. Поради тоа, воспоставил контакт со неколку училишта во близината и започнал размена на писма на своите ученици со учениците од другите училишта. Предмет на размената биле слободните ученички состави, цртежи и други производи создадени за време на одделенските активности. Поради сè поголемиот интерес од ваквата размена и принципот на работа, се поставило прашањето за потребата од институционализирање и формирање на здружение на учители кои ги поддржувале идеите на Селестин Френе. Оваа иницијатива била широко поддржана и на повидок било формирање на здружение чија задача била да организира соработка на учителите во врска со размената на печатените материјали кои ќе бидат независни од пазарно ориентираните издавачи. Така во 1928 год. е регистрирано здружението ЦЕЛ (Coopérative de l'Enseignement Laïc) со 100 членови, а во 1933, година имало повеќе од 1.500 членови. Во 1927 година, Френе ја објавил својата прва книга за користење во училишната печатница, а подоцна за децата објавил и збирка текс-

тови, како и првиот број на списанието ЕНФАНТИНС (Раскази за деца). Меѓу 1927 и 1932 година, Френе започнува со меѓународна презентација на своите педагошки идеи, посетувајќи бројни стручни собири во Франција, Шпанија и Германија. Како резултат на неговите активности, уште во 1930 година, ЦЕЛ здружението добива членови од многу земји од Европа, како Шпанија, Португалија, Белгија, Швајцарија и Германија.

Френе и неговата сопруга, купиле голема парцела во близина на местото Венце и започнале изградба на комплекс зграда, наменета за нивното училиште и здружението на учители. Во 1935 год. и официјално е отворено ова училиште кое за почеток работело со петнаесет ученици. Во почетокот на Втората светска војна, започнале и неславните мигови во животот и педагошкото делување на Селестин Френе. Имено, во тој период бил притворен поради згрижување на децата припадници на движењето за отпорот на Франција и Шпанија. Во тоа време, дел од материјалите од училиштето биле уништени, а дел ограбени, додека документацијата на ЦЕЛ била комплетно запленета. Меѓутоа, по завршувањето на војната започнала обновата на училиштето и ЦЕЛ за да повторно биде отворено во 1947 година, а пак Френе повторно остварувал настапи на стручни собири во Франција и Европа, собирајќи нови приврзаници на своите идеи.

„Бидејќи заинтересираноста за идеите на Селестин Френе, била сè поголема, се појавила потреба за цврсто поврзување на членовите од различни земји и за основање установи кои систематски ќе се занимаваат со истражувањето и унапредувањето на организацијата во училиштето, основано врз Френеовата теорија. Оттука во 1951 година, основан е ИЦЕМ-(Institut Coopératif de l'Ecole Moderne) чија задача била да ги истражува и унапредува методите и техниките во училиштата, кои ја негуваат Френеовата педагошка концепција. Во 1964 год. основано е и меѓународно здружение на приврзаниците на Френеовите идеи, под наслов (Fédération Internationale des Mouvements de l'Ecole Moderne)-ФИМЕН“.[3] Селестин Френе починал во Венце во 1966 год.

[3] Matijević, M. 2001, Alternativne škole, Zagerb: TIPEX, str. 20

## Педагошката концепција на Селестин Френе

Педагошката концепција на Селестин Френе, се засновува врз начелото "Par la vie-pour la vie-par le travail"-што значи *„Преку живот, за живот, преку работа"*.

Анализата на неговите педагошки размисли и дејствувања доведува до заклучок дека Френе е прилично радикален во обидот да ги надмине недостатоците на одделенско-предметниот часовен систем. Имено, „Френе ја втемелил својата настава на следниве барања: а) ги отфрлил учебниците бидејќи биле лошо обработени и неинтересни за децата; б) учениците треба да стекнуваат знаења, непосредно, од изворите и истражувањата на општествената и природната околина, а во тоа треба да им помагаат и наставниците, в) учениците ги пишувале трудовите за она што истражувале, а најдобрите трудови се печателе во училишната печатница".[4]

Поаѓајќи од горенаведеното начело, воспитанието и образованието во оваа педагошка концепција се третира по принципот на слобода. Многу аспекти, особено дидактичките, се заеднички со образовната филозофија на Штајнер. Така, на пример, слободата сфатена како можност учителите и учениците самостојно и слободно да ги одбираат содржините на учење и одредување на длабочината на нивното проучување, е дел од двете педагошки концепции. Слободата се однесува на изборот на методите и начините на работа, кои единствено треба да бидат во согласност со барањата на учениците. Френе зборува за потребата да се надмине слепото прифаќање на државните наставни програми и учебници, а во замена за нив, предлага креирање сопствена програма и сопствени учебници и двете создадени според потребите, интересите и можностите на децата во соработка со учителите. Во таа насока, Френе настојува секој учител да ја дизајнира својата програма за работа откако ќе ги запознае учениците со кои ќе соработува. Учителот во својот работен план, треба да ги определи активностите на секој ученик за секоја недела, како на пример, кој ќе работи во печатница, кој треба да одговори на писмата на ученикот од другите училишта, кој треба да направи нешто практично, кои ученици ќе ги изложат резултатите од сопствените истражувања и сл.

Меѓутоа, на крајот од секоја недела, секој ученик со помош на учителот го дефинира и планот за своите активности за следната недела. Во својот личен план, ученикот одредува што ќе прави во таа недела на

---

[4] Vilotijević M. 2000, *Didaktika Organizacija nastave 3*, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, str. 82

подрачјето на мајчиниот јазик, математиката, уметноста или во училишната печатница. Според Френе, ученичкиот индивидуален план, треба да претставува *дидактички договор* кој заеднички го договараат учителот, ученикот и родителите. Овие три субјекта треба да имаат тесна и перманентна соработка во текот на учебната година, бидејќи секој работен лист тие, треба да го прегледаат и да го искажат своето мислење.

Прашањето за моделот на следење и оценување на ученикот, е решено врз принципот на самооценување кое се остварува во облик на самооценување на ученикот, по пат на споредба на сопствените изработки со личните работни планови, потоа од групата на учениците во која ученикот изработил некоја задача во непосредна соработка. Во оценувањето, своја улога има и самиот учител кој води одредени забелешки за секое дете за да му помогне колку што е можно оптимално да напредува во својот развој. Притоа, треба да се истакне повторно принципот на слобода, бидејќи не е зададен единствен систем и модел на водење белешки од страна на учителот. Целиот тој процес е препуштен на професионализмот на секој учител да креира пристап во оценувањето кој најмногу ќе одговара во неговото одделение.

Главната карактеристика која овој педагошки концепт го одвојува од останатите е писменото изразување, слободните состави и нивното печатење. Овие активности се јавуваат во целокупниот воспитно-образовен процес, од самиот почеток до крајот. Така, уште во првото полугодие од првата учебна година учениците ги имаат следниве активности: самостојно цртање и пишување текстови, печатени текстови, читање ученички состави (текстови), работа на изговорот и работните листови. Се настојувало секој ученик во текот на неделата да изработи во просек два индивидуално напишани текста, два текста од други ученици и две секвенци „работа на изговор“.

Бидејќи слободата е водечка нишка на оваа педагошка концепција, а пак пишувањето на „слободните состави“ заземаат значаен дел од активностите во овие училишта, треба да се истакне нивното големо значење во изразувањето на слободата преку неколку аспекти:

- Просторно: нема посебно резервирана просторија за пишување. Децата пишуваат каде што имаат желба за тоа.
- Временски: за пишување нема посебно резервирано време, во еден ден децата можат да пишуваат повеќе различни текстови, а потоа месец дена ништо да не пишуваат.
- Средства за пишување: нема пропишани видови бележници, ниту средства со кои се пишува.

- Ортографија/граматика: напишаните текстови не се вреднуваат според ортографско-граматичките норми, но тоа не значи дека во училиштето не се учи правопис и граматика.
- Буквите и писмото: децата може да ги употребуваат сите видови и големини на букви во текот на пишувањето. Сосема е разбирливо дека не се ограничува ни ширината на слободните детски состави.

Во понатамошната работа за потребите на почетната јазична настава како материјали за читање, се применуваат составите кои претходно ги подготвиле учителите и учениците во рамките на здружението ЦЕЛ.

Организацијата на наставата во оваа педагошка концепција главно е насочена кон природната и општествената средина.

Просторната организација има своја специфика, ги надминува критиките и недостатоците на фронталната настава. Оттука и мебелот во училниците, според Френе, не треба да имаат фронтална физиономија. Напротив, училницата треба да е опремена и уредена за задоволување на најразличните потреби на учениците за работа, игра и учење. Треба да постои и работни места за индивидуална работа, за работа во пар и за групна работа. При ваква организација, доколку постои потреба учениците лесно можат да ги наместат столовите за разговор во круг или за некое кратко фронтално подучување од страна на учителот, но тоа никако не зазема поголем дел од неделното работно време на учениците и учителот.

Френе својата училница ја креирал со помош на различни алати и материјали, го уредил работниот простор во некој агол од училницата. Во тој простор учениците можат да градат, експериментираат, умножуваат материјали (печатат), ткаат и да обликуваат. Сепак, тука не се случувале спонтаните интереси на децата, туку смислено се планирал секој работен процес. Во училницата имало кутија во која децата ги собирале своите слободни состави и еднаш неделно ги читале текстовите што ги напишале. Децата избирале најмалку еден или два текста кои им оставиле силен впечаток.

Покрај тоа, имало библиотека, машина за пишување, работилница за обработка на дрво, катче за сликање и играње, шкафови за изложување ученичките работи и бројни призводи од училишната печатница. Оваа концепција наложувала во училницата да има кревет и фрижидер за чување пијалаци, храна за учениците, бидејќи во основа тоа е училиште по мерка и потребите на самото дете.

Организациските решенија што ја карактеризираат педагошката концепција и школа на Селестин Френе се следниве: „Се поаѓа од ученичката слобода и право на изразување сопствено мислење; во училиш-

тето не се користат службените учебници (како ни во валдорфските училишта на Рудолф Штајнер); учениците стекнуваат знаења од примарните извори, било да е тоа истражување во природа (чести излети), било да е тоа читање на изворна литература; училиштето има своја печатница во која се изработуваат училишните весници со ученичките трудови; во училиштето не се негуваат спортовите со реквизити, туку игри и натпревари во природа без реквизити; во училиштето обично се организираат ученичките задруги во кои учениците ги обавуваат сите работи; задругите придонесуваат за развојот на работата и самостојноста кај децата како и поврзување на училиштата и родителите“.[5]

Педагошката концепција на Селестин Френе претставува оригинален обид за креирање училиште кое е реформирано врз принципот на новата школа. Таа се карактеризира со специфични дидактичко-методски решенија кои може и денес да се забележат во некои училишта.

## Дидактичко-методски специфичности

Дидактичко-методската поставеност на педагошката концепција на Селестин Френе се карактеризира како специфична и за себе својствена. Приврзаниците на оваа педагогија истакнуваат пет елементи кои се значајни за неговата теорија на воспитанието и образованието, а тоа се:

- Соработка во рамките на секое одделение; самостојност во работата и учењето; соработка на учениците во одделението; учење преку откривање во поттикнувачка средина; послободен израз на децата во пошироко значење.

Методските решенија што ја овозможуваат ваквата дидактичка поставеност се однесуваат на:

- одделенски состанок; разговор; кутија за писмени критики или ѕидни весници; одговорност; печатница во училиште; одделенски весници; допишување; посети; разговор со професионалци; самоуправна одделенска благајна; слободен текст; слободно сликање, обликување, музицирање и составување песни; работно ателје; самостојно водена работна библиотека.

[5] Matijević, M. Ladislav, B (2005), *Didaktika*, Zagreb: Školska knjiga, str. 65

Во оваа педагогија големо внимание се посветува на методите на работа. Треба да се истакне дека главна тенденција е примената на истражувачки методи кои се користат во проучувањето на изворната стварност бидејќи во оваа педагогија се настојува да се учи изворно од прва рака, од самата природа и се чита изворна литература. Откако на овој начин ќе се проучи одредената проблематика, учениците пишуваат реферати, а најдобрите се објавуваат во училишниот весник или се умножуваат во училишната печатница на посебни картони. Овие видови дидактички материјали најчесто се користат за самостојна работа на ученикот, а преку ученичките задруги и организацијата на училиштата кои работат според педагогијата на Френе, се организира интензивна размена на печатени материјали.

Учењето по пат на истражување и откривање го овозможува воспитувањето на самостојноста и соработката. Кога станува збор за изборот на проблемот на проучување, секогаш се поаѓа од интересот на ученикот. Истражувачките активности не се одвиваат само во училиштето, туку и во пошироката општествена и природна средина. Училиштето сè повеќе станува отворено кон широката средина, бидејќи учениците многу често заради потребите на проблемот што го проучуваат ги посетуваат фабриките, градилиштата и работилниците. За сите истражувачки активности, учениците се во своето одделение подготвуваат преку конструирање на прашања и проблем на истражување.

Откако ќе завршат предвидените активности учениците се враќаат во одделението со голем број изворно пишани податоци и фотографии кои подоцна ги печатат во одделенскиот весник или на посебни истражувачки известувања наменети за одделенската библиотека.

За оваа педагошка концепција значајно е да се истакнат и основните методски принципи кои се применуваат во воспитно-образовната работа, а тоа се:

*Слободно изразување на сите нивоа во однос на:*

*Вербално:* слободно пишување.

*Визуелно:* слободно сликање, цртање и боење.

*Физички:* играње улоги и танцување.

*Музички:* слободно изразување преку музиката во оркестрите и создавање инвентивни песни.

*Креативна примена на текст, медиум и информација:*

Слободно создавање текстови, поезија, проза и сл; создавање инвентивни приказни; создавање и изведба на игри за улоги; продукција на слајд серии; создавање видео материјал; печатење текстови.

*Учење по пат на комуникација и соработка:*

Одделенско дружење; одделенска соработка; меѓусебна посета на одделенијата; одделенска работа; утрински круг.

*Отвореност кон животната средина:*

Изразување; истражување; проекти; кореспонденција меѓу одделенијата; публикација на активностите во форма на: одделенски весник, забелешки, извештаи, филм, аудио монтажа; покана на компетентни личности; примена на компјутер, факс, телефон.

*Организација на учењето:*

Слободна работа; индивидуални и колективни работни распореди; индивидуални методи на работа, работна библиотека.

*Учење:*

Учење преку проекти; создавање на цели, изведба и документирање, примена на технологија.

*Примена на интеркултурално образование:*

Прифакање на различноста; создавање способност за разрешување конфликти; интернационална сензитивност и солидарност.

*Учење без селекција:*

Евалуација на индивидуалниот процес на учење; почитување на изведбата од секоја индивидуа.

Методските решенија зададени од страна на Селестин Френе се прилично оригинални и својствени за една реформска, поточно, алтернативна педагогија која се обидува да ги надмине и замени веќе истакнатите недостатоци на старата школа. Најзначајно е тоа што голем број од овие форми, методи и средства, сè уште, живеат и се применуваат во училиштата кои ја продолжуваат Френеовата педагошка идеја.

## Заклучок

Селестин Френе јасно ја поставува целта на воспитанието и образованието која се однесува на создавање можности секое дете оптимално да се развива во рамките на една заедница, на која ќе и служи и која ќе му помогне во развојот. Тоа значи дека училиштето треба да овозможи задоволување на основните детски потреби во одредена фаза од развојот.

Овие видувања и денес се карактеризираат со современост и потреба од нивно остварување.

Во многу земји на Европа, како Австрија, Германија, Франција и Швајцарија често се случува во едно или повеќе одделенија да се применува педагошката концепција на Селестин Френе, а пак останатите да работат според пропишаните државни програми и стратегии на работа. Но, во практиката постојат примери на учители кои се определуваат за внесување на одредени елементи од Френеовата методика и дидактичка концепција, во својата секојдневна работа.

Исто така, сè поголем е бројот на приврзаниците и продолжувачите на Френеовите идеи. Во повеќе земји во Европа (Италија, Франција, Белгија, Швајцарија, Австрија, Германија и Хрватска) и во светот, делуваат бројни школи кои Френеовото учење го декларираат како основа на својата педагошка концепција.

**Литература**

Богнар, Л., Матијевиќ, М., 1993. *Дидактика,* Загреб: Школска књига.

Вилотијевиќ, М., 2000. *Дидактика* III, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.

Freinet, C., 1965. *Die moderne französische Schule,* Schoningh, Paderborn.

Фреинет, Ц., 1983. *Нека начела реформиране школе,* Сарајево: Наса школа.

Гудјонс, Х., 1993. *Педагогија-темељна знања*, Загреб: ЕДУЦА

Јукиќ, С., 2005. *Дидактичко-методички фрагменти*, Нови Сад: Виша школа за образовање васпитача.

Матијевиќ, М., 2001. *Алтернативне школе*, Загреб: ТИПЕХ.

Матијевиќ, М., Ладислав, Б., 2005. *Дидактика*, Загреб: Школска књига.

Митровиќ, Д., 1981. *Модерни токови компаративне педагогије*, Сарајево: Свјетлост, ООУР завод за уџбенике и наставна средства.

Трнавац, Н., Ѓорѓевиќ, Ј., 1995. *Педагогија*, Београд: Научна књига

http://freinet.org

Lena ALABASHOVSKA-DAMOVSKA

# ALTERNATIVE APPROACHES IN PEDAGOGY – SPECIFICITIES OF THE PEDAGOGICAL CONCEPTION OF CÉLESTIN FREINET

**Abstract**

In the first half of the twentieth century, the original pedagogical conception of the French pedagogue Célestin Freinet was created. As a representative of the reform pedagogy, Freinet expressed his own attitudes and practical solutions in the attempt to overcome the drawbacks of the then school-subject system. He introduced the development of his pedagogical conception from the very first work day in his school. His ideas were not only accepted by the larger part of the expert public in his day, but today they are also perceived as open and suitable for support to the educational process by numerous followers over the whole world.

**Key words:** ALTERNATIVE APPROACHES, SPECIFICITIES, PEDAGOGICAL CONCEPTION